**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА**
**ПАТНИЧКО МОНОВОЛУМЕНСКО МОТОРНО ВОЗИЛО – ПИКАП - ПОЛОВНО**

За потребите на проектот „Намалување на отпад од мебел, дрвен отпад и текстил преку негова реупотреба и зголемување на социјалната вклученост во општина Кавадарци" со проектен број MKD/SGP/OP7/Y2/CORE/2021/CH/07 спроведуван од страна на Здружението за заштита и унапредување на животната средина "Еко-Живот" Кавадарци и финансиран од Програмата за мали грантови (ПМГ) на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) потребно е да се набави патничко моторно возило со следнава спецификација:

<u>**Технички спецификации за возилото**</u>

- Возило со 5-7 седишта (Седиштата лесно да се демонтираат)
- Мотор дизел мин. Еуро 4- 5 стандард
- Работна зафатнина: мин. 1900 цм3
- Моќност на моторот: мин. 66 Kw
- Должина на возилото: над 3500мм
- Серво управувач со висинско подесување
- Електрика на предни стакла
- Менувач: мануелен
- Клима уред(греење и ладење) - Двозонска клима+webasto греење
- Централно заклучување и отклучување
- Лизгачки врати од лева страна и десна страна (по можност)
- Резервно тркало со димензии исти како на возилото или замена за тркалото.
- Систем на кочници со ABS или еквивалентно
- Најмалку воздушно перниче за возач
- Два приклучока за апарати до 12V

Доставените понуди треба да се дадени со износ без ДДВ, од причини што проектот е ослободен од плаќање ДДВ, за кое е прибавена соодветна специфична документација.

**Начин на плаќање**

Се предвидува следниов начин на плаќање: Плаќањето на купопродажната цена ќе се врши со денот на потпишувањето и заверката на договорот за купопродажба пред овластен нотар доколку понудувачот е физичко лице, и по денот на потпишувањето и

заверката на договорот за купопродажба пред овластен нотар веднаш по издавањето на фактурата доколку понудувачот е правно лице.

Возилото ќе биде предадено на Барателот на понудата на денот на потпишувањето и заверката на договорот за купопродажба пред овластен нотар.

На денот на купопродажбата на возилото ќе се состави Записник за примопредавање на истото.

Договорената купопродажна цена за возилото барателот ќе ја уплати на сметката на понудувачот.

**Гарантен период**

Понудувачот гарантира дека набавената опрема во времето на примопредавањето е во исправна состојба и дека нема мани што ја оневозможува или ја намалува вредност или подобност за редовна употреба.

Понудувачот е должен да ја достави целосната документација за возилото при неговото примопредавање.

**Право на учество**

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице – понудувач.

**Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 (триесет) дена од денот на доставувањето на истата до Еко-Живот.

**Понудите доставете ги во електронска форма на емаил**

parizovr@yahoo.com, ekozivot@yahoo.com

**или по пошта до:**

Здружение за заштита и унапредување на животната средина "Еко-Живот" Кавадарци,
Бул.„Македонија" 7/1/8 Кавадарци
**Контакт:** Роберто Паризов, Проектен координатор

**Краен рок за доставување на понудите е 02.03.2022 година.**

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација. Отварањето на понудите нема да биде јавно.

Избраниот најповолен понудувач ќе биде известен во писмена форма / емаил дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**Забелешка:**
*Проектот „Намалување на отпад од мебел, дрвен отпад и текстил преку негова реупотреба и зголемување на социјалната вклученост во општина Кавадарци"е финансиран од Глобален еколошки фонд Програама за мали грантови и е регистриран во Централната база на податоци на базата на Република Северна Македонија за странска помош (CDAD). Во Договорот помеѓу Владата на РСМ и странските донатори стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во РМ, па според тоа проектот е ослободен од ДДВ и вредноста на договорот, на избраниот понудувач ќе му биде исплатена без вклучен ДДВ.*

Барател
ЗЗУЖС ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци
Овластено лице Роберто Паризов

23.02.2022 г.
Кавадарци

ЕКО-ЖИВОТ
Кавадарци

---------------------------------